**Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности**
**НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост**
**Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarive energjetike**
**RESURSET ENERGJETIKE NACIONALE Shkup në pronësi shtetërore**

Бул.Св.Климент Охридски бр.58 б, Скопје
rr. Bulevard Sveti Kliment Ohridskinr. 56 b, Shkup
поштенски фах 583
Kutia postare 583
тел. 02 6090-137
факс 02 6090-437

Бр.-Nr. 03-1081/1
12. 03. 2021 год.viti

Врз основа на Законот за заштита на укажувачи, а согласно членот 29 и 30 од Статутот на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје државна сопственост, извршниот директор, ја донесе следнава:

## О Д Л У К А

### Член 1

За овластено лице за прием на пријави од укажувачи во Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост се определува лицето **Лиса Баута Шаќири,** вработена во НЕР АД Скопје.

### Член 2

Овластеното лице за прием на пријави од укажувачи врз основ на Законот за заштита на укажувачи, подзаконските акти и актот на Друштвото, е должно:

• да врши прием на пријави доставени директно до него од укажувач заради заштитено внатрешно пријавување,

• да постапува по заштитено пријавувањето на укажувачот со почитување на процедурите утврдени врз основа на Законот за заштита на укажувачи, под законските акти и актот на Друштвото,

• да ги заштитува личните податоци на укажувачот, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот кој пријавува анонимно или доверливо, согласно со прописите за заштита на личните податоци,

• да го информира укажувачот кој е познат за преземените мерки во врска со пријавата без одлагање, а најдоцна во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на пријавата,

• да изготвува и доставува полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи до надлежните државни органи и институции согласно законската регулатива на РСМ,

• да врши работи во врска со заштитеното пријавување на укажувачот во однос на документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување на доверливост, заштита на личните податоци и заштита на класифицирани информации и

• да врши други работи утврдени со закон и со прописите донесени врз основа на законот.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното донесување.

НЕР АД Скопје
Извршен директор,
Бајрам Реџепи